ПРЕДЛОГ ОДЛУКА

Врз основа на одредбите од Законот за трговските друштва и член 20 од Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ Акционерско друштво за промет на стоки и услуги на големо и мало-Тетово, со седиште на ул. Илинденска бр. 18-А, Тетово, ЕМБС 4057783 и ЕДБ 4028974115871, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на седницата одржана на ден 27.05.2025 година во Тетово, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

## За поништување на Одлука за измена и дополнување на Статут

### Член 1

СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за измена и дополнување на Статутот на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, донесена на седницата на Собранието на акционери на Друштвото одржана на ден 27.06.2024 година, заведена во Друштвото под арх. бр. 0201-188/1 од ден 27.06.2024 година.

### Член 2

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување.

### Образложение

Од страна на Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово, на ден 27.06.2024 година е донесена Одлука за измена и дополнување на Статутот на Друштвото, заведена во Друштвото под арх. бр. 0201-188/1 од ден 27.06.2024 година. Со предметната одлука е направена промена на членот 7 од Статутот кој се однесува на адресата на седиштето на Друштвото, при што е предвидено новата адреса на Друштвото да биде на ул. “152” бр. 1/А Тетово. Одлуката за измена и дополнување на Статутот е донесена врз основа на Одлука за промена на седиштето на Друштвото арх. бр. 0201-189/1 од ден 27.06.2024 година, донесена на истото собрание.

Двете горецитирани одлуки на Собранието на акционери се донесени врз основа на Потврда за точна адреса број 11-6215/1од 23.05.2024 година издадена од страна на Општина Тетово.

При поднесувањето на пријавата за упис на промена во Трговскиот регистар кој се води во рамките на Централниот регистар на РСМ, од страна на овластеното лице – регистрационен агент, е утврдено дека предметната адреса, односно ул. 152 во Тетово, не е достапна за избор во електронскиот систем на ЦР на РСМ.

Од страна на Друштвото до релевантните институции се доставени соодветни барања за ажурирање на податоци во Адресниот регистар, и тоа:

- На ден 18.07.2024 година, доставено е Барање за ажурирање на податоци во Адресен регистар до Општина Тетово, заведено во Друштвото под број 0202-243/1 од 18.07.2024 година и
- На ден 24.07.2024 година, доставено е Барање за ажурирање на податоци во Адресен регистар до Централниот регистар на РСМ, заведено во Друштвото под број 0202-244/1 од 19.07.2024 година.

Со оглед на тоа дека од страна на Централниот регистар и Општина Тетово не беше извршено запишување на адресата согласно поднесените барања, не постои можност за спроведување и упис на донесените одлуки за промена на седиште и за измена и дополнување на статутот во Трговскиот регистар. Истовремено, Друштвото сѐ уште располага со деловни простории на ул. Илинденска бр. 18А Тетово кои можат да се користат како негово седиште.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Собранието на акционери на ИНТЕРПРОМЕТ АД Тетово донесе одлука како во диспозитивот.

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ
ПРЕТСЕДАВАЧ,